МАКЕДОНСКИ
ИНСТИТУТ
ЗА МЕДИУМИ

НОВИНАРСКИ
НАГРАДИ 2025
НИКОЛА
МЛАДЕНОВ

**ИЗВЕШТАЈ НА КОМИСИЈАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НОВИНАРСКИТЕ НАГРАДИ „НИКОЛА МЛАДЕНОВ 2025“**

Во рамки на заложбите на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) за поддршка на професионалното новинарство, Комисијата за доделување на новинарските награди НИКОЛА МЛАДЕНОВ 2025, во состав:

- **Анета Андонова, уредничка во МРТ и претседателка на УО на МИМ**
- **Славица Арсова, уредничка на информативната редакција, ТВ Сител**
- **Марина Тунева, професорка од областа на медиумите**
- **Ибрахим Мехмети, новинар**
- **Билјана Петковска, директорка на МИМ**

**ДОНЕСЕ ОДЛУКА**

**Првата награда за Најдобра истражувачка сторија ја делат тимот на Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) за сторијата „Кочани – нашиот морален компромис“, тимот на емисијата „КОД“, на ТВ Телма, за серијалот истражувања за пожарот во дискотеката „Пулс“ и новинарката на „Фокус“, Ирена Мулачка, за сторијата за тајниот сопственик на агенцијата „Рубикон“ која ја обезбедувала дискотеката во Кочани.**

Наградата се доделува како признание за исклучителната професионална посветеност, истражувачка упорност и високоразвиено чувство за јавен интерес што овие редакции и новинари го покажаа преку своите истражувања, придонесувајќи за разоткривање на причините, пропустите и одговорноста поврзани со еден од најтрагичните настани во поновата историја на земјата - пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани. Со своите истражувања тие не само што отворија суштински прашања за институционалната

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

одговорност, незаконските постапувања и системската корупцијата, туку и придонесоа јавноста да добие поцелосна, документирана и аргументирана слика за околностите што доведоа до трагедијата.

Истражувањето на **ИРЛ** откри злоупотреби на службената положба, поткуп и сериозни пропусти на Обвинителството во предметот за „Пулс“. Документарецот укажува и на последиците од измените на Кривичниот законик врз правната квалификација, по што инспекторите и други службеници беа уапсени, а синот на сопственикот на дискотеката дополнително осомничен за поткуп.

Комисијата особено го вреднува новинарскиот пристап на ИРЛ, кој се одликува со темелна документациска работа, поврзување на повеќе институционални и правни аспекти на случајот, како и со способност сложените и чувствителни теми да се обработат јасно, аргументирано и одговорно. Сторијата покажува зрел истражувачки пристап, во кој фактите, изјавите и контекстот се вклопени во заокружена целина што има силен информативен и општествен ефект.

**Емисијата „КОД“ на ТВ Телма**, преку серија истражувања, посветено и сеопфатно ги анализира причините и околностите кои доведоа до пожарот во дискотеката „Пулс“. Темелното истражување за историјата на имотот, сопственоста, менаџирањето и изигрувањето на процедурите за добивање лиценци посочува на пропусти, како и на сомнителни активности на полициски службеници и други надлежни органи, на локално и на државно ниво. Преку детална анализа на обвинението, емисијата укажува на потребата од поефикасни правни решенија со цел да се обезбеди правда за жртвите и за нивните семејства.

Комисијата го издвојува ангажманот на редакцијата на „КОД“ поради континуитетот и способноста случајот да се следи од повеќе агли, имотно-правен, институционален, полициски и судски. Редакцијата покажа истрајност во прибирањето и проверката на податоците, како и вештина во систематизирањето на комплексна материја во јасна и разбирлива истражувачка целина. Овој пристап на јавноста ѝ овозможи подлабоко да ги разбере механизмите на институционалниот пропуст и евентуална злоупотреба.

**Ирена Мулачка** преку серија истражувања во неделникот „Фокус“ го откри вистинскиот сопственик на Агенцијата „Рубикон“, одговорна за обезбедувањето на дискотеката „Пулс“. Истражувањето длабински ја анализира работата на Александар

Нацев, член на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, неговата улога, работењето на компанијата и законските прекршувања. По објавените текстови, Обвинителството отвори истрага и ги потврди сомнежите, по што агенцијата остана без лиценца, а Нацев заврши во притвор и на обвинителна клупа.

Комисијата високо ја оцени новинарската упорност и прецизност со кои Ирена Мулачка ја водеше оваа тема, особено во делот на откривање на прикриени сопственички и политички врски, како и во следењето на институционалниот одговор по објавувањето на текстовите. Нејзиниот ангажман покажува како фокусирано, доследно и добро поткрепено новинарство може директно да отвори простор за институционално постапување и да придонесе кон утврдување одговорност.

**Втората награда за Најдобра истражувачка сторија ја делат тимот на БИРН Македонија за истражувањето и дата-базата за верските имоти на МПЦ-ОА и ИВЗ, и новинарите Александар Методијев и Сузана Мицева за серијалот „Јаглен на раскрсница“.**

**Тимот на БИРН Македонија** изработи посебна онлајн база во која систематизираше досега непознати податоци за јавноста околу имотот на најголемите и највлијателни верски заедници во земјава, заснована на  истражувачка работа што траела повеќе од една година, како и пет истражувачки стории кои произлегле од базата со податоци. Истражувањето укажува дека МПЦ-ОА и ИВЗ со години не поднесуваат завршни сметки и избегнуваат финансиска отчетност, иако располагаат со значителен имот, приходи и субвенции, а државните институции не вршат реална контрола.

Комисијата го препознава ова истражување како пример за високоамбициозен, долгорочен и методолошки добро осмислен новинарски ангажман, во кој истражувачката работа е надградена со јавно достапна база на податоци како траен ресурс за граѓаните, истражувачите и институциите. Посебна вредност претставува тоа што редакцијата не се задржува само на поединечни случаи, туку преку систематизација, анализа и визуелизација на податоците отвора пошироко прашање за отчетноста на влијателни општествени чинители. На тој начин, новинарството добива и дополнителна јавна функција - да создава алатки за поголема транспарентност.

Истражувањето на **Александар Методијев** и на **Сузана Мицева**, објавено во неколку медиуми, открива системска корупција, енергетска зависност и сериозни институционални пропусти во РЕК „Битола“, компанија што обезбедува 60% од

домашното производство на електрична енергија. Истражувањето открива измами поврзани со искористување на комбинатот, по што Обвинителството замрзна имот и отвори постапки, а на терен беа регистрирани јагленова прашина, самозапалив талог, сериозно распаѓање на инфраструктурата и загадување што го трпи населението во Новаци, дополнително загрижено поради планираната регионална депонија. Во контекст на обврската Македонија да го затвори РЕК „Битола“ до 2027 и да ја намали зависноста од јаглен, истражувањето ја отвора темата за праведна транзиција, која според Светска банка ќе погоди околу 66.000 работници во Пелагонија, што е еден од најранливите региони. По јавната дебата и реакцијата на институциите, комбинатот беше посетен од министерката за енергетика, а директорот беше разрешен.

Комисијата ја нагласува важноста на ова истражување затоа што успева да спои неколку нивоа на јавен интерес: корупцијата, енергетската безбедност, животната средина, здравјето на населението и социјалните последици од транзицијата. Новинарскиот ангажман овде се препознава како во теренската работа, така и во користењето релевантни податоци, но и во способноста локален проблем да се издигне како суштинско национално прашање. Истражувањето покажува одговорно и зрело новинарство што не застанува кај откривање на проблемот, туку го става во поширок општествен и развоен контекст.

**Третата награда за Најдобра истражувачка сторија ја делат новинарите Фисник Џелили за сторијата за злоупотребите на средства за третман на кучињата-скитници во Тетово, објавена на порталот Порталб и новинарот Александар Димитриевски за сторијата „Полициските специјалци ќе ги облекува модно женско студио и фирма регистрирана пред тендерот“, објавена на „360 степени“.**

Истражувачката сторија на **Фисник Џелили** открива дека Општина Тетово потрошила милиони денари за третман на кучиња-скитници преку договори со здружението „Ана Агро“, по цени значително повисоки од оние во другите општини, што отвора сомнежи за финансиски злоупотреби, нетранспарентни тендери и сомнителни постапки за јавни набавки. Сторијата, разработена во три дела, со мноштво податоци и изјави, разоткрива сериозни слабости во управувањето со јавните средства во Општина Тетово, додека проблемот со кучињата-скитници во овој град и понатаму останува критичен и нерешен.

Комисијата ја вреднува оваа сторија како значајно локално истражување со јасен јавен интерес, кое преку споредување на податоци, користење релевантни извори и

разработка во повеќе продолженија отвора сериозни прашања за трошењето јавни пари на општинско ниво. Новинарскиот ангажман на Фисник Џелили се согледува во истрајното следење на тема што директно ги засега граѓаните, но честопати останува маргинализирана, како и во способноста зад секојдневен комунален проблем да се препознаат потенцијални коруптивни и управувачки слабости.

**Александар Димитриевски** преку серијата стории објавени на „360 степени“ открива сериозни сомнежи околу изборот на компаниите што требало да ги изработат униформите за специјалните полициски единици на МВР, покажувајќи дека промените на роковите и целосното отсуство на критериуми за професионална способност, овозможиле мало модно студио од Битола и фирма чија канцеларија била регистрирана само две недели пред тендерот, да добијат рамковен договор од 3,83 милиони евра.

Анализата на јавни податоци и теренската проверка покажуваат дека избраните субјекти немаат докажано искуство, човечки ресурси, ниту технички капацитети за ваква набавка, што ја прави постапката класичен пример за тендер со „црвено знаменце“. Редакцијата продолжува да ја следи темата, бидејќи првите испораки на униформи сѐ уште не се реализирани, иако роковите речиси се истечени, а приказните предизвикаа силен одзив во јавноста.

Комисијата ја издвојува оваа серија стории поради јасната истражувачка логика, внимателната анализа на тендерската документација, користењето јавни податоци и дополнителната теренска проверка, со што сомнежите не остануваат на ниво на претпоставка, туку се аргументираат со конкретни показатели. Особена вредност има и тоа што редакцијата не ја третира темата како еднократен настан, туку продолжува да ја следи реализацијата на набавката и можните последици, што е суштински елемент на одговорното истражувачко новинарство.

**Комисијата одлучи да им додели пофалници за истакнат новинарски ангажман на:**

- **Мирослава Симоновска и Фросина Факова Серафиновиќ** за серијалот „Патот кон фемицидот е поплочен со зафрлени поплаки во полиција“, објавен во весникот „Слободен печат“
- **Бјанка Станковиќ** за сторијата за онлајн насилство врз новинарки и активистки, објавена на веб-порталот „Лице в лице“

- **Славица Филиповска Иванова** за сторијата „МВР ги довери возачките испити во Пелагонија на функционер на ВМРО-ДПМНЕ “, објавена во емисијата „360 степени“
- **Михаил Милошевски** за сторија за незаконското финансирање за изградбата на неколку базени во Македонија, финансирани со државни пари, објавена во емисијата „360 степени“

Овие стории се издвојуваат поради јасно препознаен јавен интерес, сериозен истражувачки пристап и видлив професионален ангажман. Тие отвораат важни прашања поврзани со институционална неажурност, злоупотреба на моќ, родово засновано насилство, клиентелизам и нетранспарентно трошење јавни средства и, на тој начин, значајно придонесуваат кон унапредување на јавната дебата и на одговорноста во општеството.

На годинешниот конкурс што беше објавен на 27 јануари и траеше до 17 февруари 2026 година, пристигнаа 42 стории обработени во 122 текстови и видеоприлози.

Генерална оценка на комисијата е дека најдобрите стории оваа година се одликуваат со темелна проверка на факти, користење разновидни извори, серијален или долгорочен истражувачки пристап, јасна структура и способност комплексните теми да се преточат во разбирливи и влијателни новинарски производи. Токму овие вредности ја потврдуваат суштинската улога на истражувачкото новинарство како коректив на институциите и како важен столб на демократското општество.

Комисијата особено го нагласува фактот дека и во услови на ограничени редакциски ресурси, силни политички и економски притисоци и зголемена динамика на дневно информирање, истражувачкото новинарство во земјата продолжува да продуцира релевантни, храбри и општествено значајни содржини.

Комисијата им оддава признание на сите  новинари и редакции во земјата, особено на локалните дописници од Кочани, Штип и од околните места, кои професионално и во согласност со етичките стандарди на новинарската професија, континуирано ги информираат граѓаните и влијаат врз подигнување на јавната свест, барајќи одговорност од институциите за причините и околностите кои доведоа до трагичниот настан во Кочани. Нивниот придонес има особена вредност затоа што станува збор за новинарска работа извршувана во исклучително тешки, чувствителни и емотивно

оптоварени околности, при што професионалноста, етичноста и одговорноста кон јавноста останаа во прв план.

Наградите за најдобра истражувачка сторија МИМ ги доделува традиционално од 2001 година, а од 2013 година наградата го носи името на угледниот новинар Никола Младенов.

Скопје, 24 март 2026 година

**Линкови до наградените новинарски стории:**

| **Најдобра истражувачка сторија - прва награда** |
|---|
| Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) за сторијата „Кочани – нашиот морален компромис“<br>https://youtu.be/DwbWj1qqzeo?si=GE_EqZ-ifdACOpJO<br>https://irl.mk/puls-kako-gasna-komora-od-chad-i-ci-aniden-gas-kako-navistina-umrele-zhrtvite-vo-kochani/<br><br>Емисија „КОД“, на ТВ Телма, серијал истражувања за пожарот во дискотеката „Пулс“<br>https://www.youtube.com/watch?v=ndOn_-tFgAk<br>https://www.youtube.com/watch?v=TiZEJEgCbv8<br>https://www.youtube.com/watch?v=XV9O7Jn8bJw<br>https://www.youtube.com/watch?v=tKzfFYRJoyE<br>https://www.youtube.com/watch?v=AH_0Nzr0Td0<br>https://www.youtube.com/watch?v=lfqG3e76GIk<br><br>Ирена Мулачка, сторија за тајниот сопственик на агенцијата „Рубикон“<br>Текст 1, Текст 2, Текст 3.<br>https://fokus.mk/aleksandar-natsev-od-vmro-dpmne-e-tajniot-sopstvenik-na-agentsijata-za-obezbeduvane-rubikon-za-koj-obvinitelstvo-ja-proshiri-istragata/<br>https://fokus.mk/aleksandar-natsev-od-vmro-dpmne-tajniot-sopstvenik-na-agentsijata-za-obezbeduvane-rubikon-dobi-30-dneven-pritvor/<br>https://fokus.mk/so-vovedni-zborovi-na-obvinetiot-aleksandar-natsev-sopstvenik-na-agentsijata-za-obezbeduvane-rubikon-prodolzhuva-sudeneto-za-puls/ |
| **Најдобра истражувачка сторија - втора награда** |
| БИРН Македонија, истражување и дата-базата за верските имоти на МПЦ-ОА и ИВЗ<br>https://prizma.mk/sistem-von-sistem-drzhavata-slepa-za-parite-na-mpts-oa-i-ivz/<br>https://verskiimoti.prizma.mk/<br>https://prizma.mk/tag/verski-imoti-pod-lupa/ |

| |
|---|
| Александар Методијев и Сузана Мицева, серијал „Јаглен на раскрсница“<br>https://www.youtube.com/watch?si=O1Ccu4yJcx2lUu5_&v=dboeyuEYs_A&feature=youtu.be<br>https://nota.mk/jaglen-na-raskrsnica |
| **Најдобра истражувачка сторија - трета награда** |
| Фисник Целили, сторија за злоупотребите на средства за третман на кучињата-скитници во Тетово<br>https://portalb.mk/afer-400-euro-per-nje-qen-oferte-dhe-marreveshje-e-dyshimte-per-trajtimin-e-qenve-ne-tetove-komunat-tjera-harxhojne-me-pak-infografik/<br>https://portalb.mk/oferta-me-cmimet-ne-qiell-per-trajtimin-e-qenve-endacake-ne-tetove-kasami-arsyetohet-se-jane-ulur-cmimet/<br>https://portalb.mk/trajtimi-i-qenve-ne-tetove-marreveshja-u-nenshkrua-me-cmim-me-te-ulet-se-oferta-fillestare-sherbimet-mbeten-me-e-shtrenjta-se-ne-qytetet-tjera/<br><br>https://meta.mk/okolu-400-evra-po-kuche-ponuda-i-somnitelen-dogovor-za-tretman-na-kuchinja-vo-tetovo-drugite-opshtini-troshat-pomalku/<br>https://meta.mk/ponuda-so-stratosferski-ceni-za-tretman-na-bezdomni-kuchinja-vo-tetovo-kasami-se-pravda-deka-cenite-se-namaleni/<br><br>Александар Димитриевски, сторија „Полициските специјалци ќе ги облекува модно женско студио и фирма регистрирана пред тендерот“<br>https://360stepeni.mk/video-politsiskite-spetsijaltsi-ke-gi-oblekuvaat-modno-zhensko-studio-i-firma-registrirana-pred-tenderot/<br>https://360stepeni.mk/video-tenderot-za-uniformite-trebalo-da-se-objavi-pred-da-se-registrira-edna-od-firmite-shto-go-dobi/<br>https://360stepeni.mk/mvr-napravilo-prva-narachka-na-uniformi-za-spetsijalnata-politsija-po-tenderot-shto-go-dobija-modno-zhensko-studio-i-firma-so-srpski-gazdi/ |
| **Пофалници за истакнат новинарски ангажман** |
| Мирослава Симоновска и Фросина Факова Серафиновиќ, серијал „Патот кон фемицидот е поплочен со зафрлени поплаки во полиција“<br>https://www.slobodenpecat.mk/novo-svedoshtvo-pred-12-godini-go-prijavila-ubiecot-na-rosica-vo-policija-jas-mozhev-da-bidam-na-nejzinoto-mesto/<br>https://www.slobodenpecat.mk/patot-kon-femicidot-e-poplochen-so-zafrleni-poplaki-vo-policija/<br>https://www.slobodenpecat.mk/rosica-lichno-ni-ja-pokazha-porakata-shto-mu-ja-isprati-na-panche-toshkovski-tvrdat-nejzini-prijateli-za-sloboden-pechat/<br><br>Бјанка Станковиќ, сторија за онлајн насилство врз новинарки и активистки<br>https://licevlice.mk/zheno-zamolchi-i-brkaj-si-zhenski-raboti/<br>https://licevlice.mk/digitalno-nasilstvo-vrz-novinarkite-zoshto-zhenite-plakaat-povisoka-cena-vo-mediumite/<br>https://licevlice.mk/koga-zhenskite-glasovi-zamolchuvaat-gubime-vistini-hrabrost-i-demokratija/ |

Славица Филиповска Иванова, сторија „МВР ги довери возачките испити во Пелагонија на функционер на ВМРО-ДПМНЕ"
https://360stepeni.mk/video-mvr-gi-doveri-vozachkite-ispiti-vo-pelagonija-na-funktsioner-na-vmro-dpmne/
https://360stepeni.mk/video-kako-poligon-od-resen-presudi-koj-ke-go-dobie-monopolskiot-biznis-so-vozachkite-ispiti-vo-pelagonija/
https://360stepeni.mk/noviot-ispiten-tsentar-za-vozachki-vo-bitola-padna-na-ispitot/
https://360stepeni.mk/mvr-odgovori-zoshto-privremeno-go-zatvori-ispitniot-tsentar-vo-bitola-na-koj-mu-dade-litsentsa-pred-samo-tri-mesetsi/
https://360stepeni.mk/video-sakame-vozachki-sega-reaktsii-na-kandidati-od-pelagonija-za-sagata-so-ispitniot-tsentar/

Михаил Милошевски, сторија за незаконското финансирање за изградбата на неколку базени во Македонија, финансирани со државни пари
https://360stepeni.mk/video-potrosheni-se-milioni-za-drzhavni-bazeni-a-i-po-pet-godini-se-pliva-na-suvo/
https://360stepeni.mk/video-sluchaj-bazeni-hronologija-na-edno-petgodishno-plivane-na-suvo/
https://360stepeni.mk/video-tender-bazeni-ams-protivzakonski-dala-amin-60-od-rabotite-da-odat-kaj-podizveduvach/
https://360stepeni.mk/video-probien-e-ushte-eden-rok-i-pak-ne-se-gotovi-pette-drzhavni-bazeni/

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk